FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# МЕДИУМИТЕ И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА



Фондација Институт отворено општество – Македонија

# МЕДИУМИТЕ И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Скопје, декември 2010

Импресум

**Медиумите и дискриминацијата**

Издавач:
Фондација Институт отворено општество – Македонија

Уредник:
Неда Коруновска Аврамовска

Автори:
Мирјана Најчевска
Жарко Трајаноски

Лектура:
Анета Василевска Љубецкиј

Ликовно- графичко уредување:
Графисто

Печат:
Пропоинт

Тираж:
200

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека " Св. Климент Охридски", Скопје

342.724:316.774
316.774:342.724

Најчевска, Мирјана
Медиумите и дискриминацијата / [автори Мирјана Најчевска, Жарко Трајаноски], - Скопје : Фондација Институт отворено општество - Македонија, 2010, - 38 стр. : илустр. ; 21см

фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-079-3
1. Трајаноски, Жарко [автор]
а) Дискриминација и медиуми
COBISS.MK-ID 86233354

# ПРЕДГОВОР

Во изработката на прирачникот се тргна од ставот дека квалитетниот журнализам е еден од носечките столбови на секое демократско општество , а новинарите може да бидат едни од најмоќните промотори и бранители на човековите права.

Прирачникот е изработен, пред сè, со цел да овозможи активно и компетентно вклучување на новинарите во спроведувањето на Законот за спречување и за заштита од дискриминација донесен од страна на Собранието на Република Македонија во 2010 година, а кој активно ќе влезе во сила од 1.1.2011 година.

Меѓутоа, идејата на овој прирачник е и многу поширока. Тој е дизајниран со цел да им помогне на новинарите во промоцијата на концептот на еднаквоста, да им даде алатка што може да ја искористат во идентификувањето на случаите на дискриминација и да ги подготви за активно учество во натамошниот развој на законодавството и на практиката за еднаквост.

Цел на прирачникот е и да им помогне на новинарите да станат свесни за сопствените предрасуди, за дискриминацијата што свесно или несвесно ја промовираат или поттикнуваат и за влијанието што го имаат во формирањето на јавното мислење кон определени ранливи групи и на дискриминирачка практика.

Прирачникот нема за цел да понуди готови ставови и решенија за конкретни ситуации, туку, пред сè да отвори простор за различни перспективи и гледања, како и да понуди извори за постојано надградување на знаењата поврзани со еднаквоста и со забраната за дискриминација.

Наше мислење е дека дискриминацијата на денешнината добива ново лице. Таа станува структурна и институционална, затскриена зад социјално посакуваното однесување и маскирана во традиција. Откривањето, експонирањето и борбата со ваквата дискриминација е предизвик на денешнината, а улогата на новинарите во овој процес е уникатна и незаменлива.

Се надевам дека овој прирачник ќе ја открие оваа нова димензија на можно вклучување на новинарите во актуелните случување, ќе ги стимулира во откривањето нови содржини и ќе испровоцира нови начини на кажување на старите приказни.

Од авторите

# СОДРЖИНА


**5 ВОДИЧ НИЗ ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

7 ВОВЕД

9 1. ШТО Е ДИСКРИМИНАЦИЈА И КАКО ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ

10 2. ВИДОВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА

13 3. ОД КОГО И КАДЕ СЕ ПРИМЕНУВА ЗАКОНОТ?

14 4. СУБЈЕКТИ

14 5. КОГО НАЈЧЕСТО ДИСКРИМИНИРАМЕ? ЗА СТЕРЕОТИПИТЕ, ПРЕДРАСУДИТЕ, СТИГМАТА И ЗА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ

17 6. КОГА ЕДНАКВОТО ПОСТАПУВАЊЕ Е ДИСКРИМИНАЦИЈА, А НЕЕДНАКВОТО НЕ Е?

17 7. АФИРМАТИВНИ МЕРКИ И ПОЗИТИВНА АКЦИЈА

18 8. ПОИМИ ПОВРЗАНИ СО НАЧЕЛОТО НА ЕДНАКВОСТ

20 9. МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА

21 10. НЕДОСТАТОЦИ И ПРОБЛЕМИ

23 АНЕКС 1

23 АНЕКС 2

**25 ЗНАЧЕЊЕТО И УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА**

27 1. РАЗБИРАЊЕ И ПРИФАЌАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ

30 2. ЗОШТО И КАКО ДИСКРИМИНИРААТ МЕДИУМИТЕ?

36 3. КАКО МЕДИУМИТЕ (ТРЕБА ДА) СЕ БОРАТ ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА?



# ВОДИЧ НИЗ ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА



**Водичот е наменет за новинари и за студенти на факултетите за журналистика**

# ВОВЕД

***Човековите права не се заслужуваат и не се даваат, нив ги има секое човечко суштество затоа што така се договориле луѓето.***

Принципите на еднаквост и на недискриминација претставуваат суштинска компонента на целото меѓународно право за човековите права.
Борбата против дискриминацијата е издигната на највисоко ниво во меѓународната заедница поради:

- распространетоста на дискриминацијата;
- разновидноста и длабочината на корените на различни дискриминаторски однесувања;
- тежината и сложеноста на последиците од актите на дискриминација врз остварувањето на сите човекови права и слободи; и
- сложеноста на постигнување еднаквост меѓу луѓето.

Постоењето антидискриминаторско законодавство (како посебни закони за заштита од дискриминација) е од понов датум. Последните неколку децении претставуваат период на интензивен развој на ова законодавство, како во државите на развиената демократија, така и во новите демократии создадени во периодот од 1990 година до денес.
Најновите правци во развојот на законодавството за еднаквост, односно на антидискриминаторското законодавство, се поврзани со директивите на ЕУ, препораките на Советот на Европа и со препораките на ООН.

**Директиви на ЕУ:**
http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=632045AFBECA7447AA9E0DA123EE19E5
http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=612&langId=en

**Совет на Европа:**
http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/activities/mandate_en.asp

**ООН:**
http://www2.ohchr.org/english/bodies/cerd/index.htm

Извештаите на РАКСЕН (RAXEN) - Европска информативна мрежа за расизам и за ксенофобија, укажуваат дека најголем број од 27 држави што се членки на ЕУ ги имаат вклопено директивите во својот систем.

**РАКСЕН:**
http://www.efms.uni-bamberg.de/netrax_e.htm

Борбата со дискриминацијата не е цел сама по себе, туку, пред сѐ, претставува алатка во постигнувањето суштинска еднаквост на сите луѓе. Во оваа смисла, посебно значење добива позитивната акција[1], која станува обврска за државата.

## По што гледаме дека државата е активно вклучена во борбата со дискриминацијата?

| ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА |
|---|
| Државата гради правна рамка (еден или повеќе закони за еднаквост и заштита од дискриминација). |
| Државата создава механизми за контрола и за заштита (лесно достапна судска заштита и постоење независно тело за еднаквост). |
| Државата ги запознава граѓаните со нивните права и со можноста за заштита. |
| Државата води проактивна улога за надминување на стереотипите и на предрасудите (санкционира, едуцира, стимулира недискриминаторско однесување). |
| Државата издвојува доволно средства за борбата со дискриминација (помош на жртви, функционирање на заштитни механизми, истражувања, кампањи). |
| Државата гради стратегиско партнерство со НВО, синдикати, здруженија на работодавци, струкови здруженија, медиуми. |

1 Позитивната акција подразбира активна поставеност на државата во однос на постигнување на еднаквоста и градење цел систем од мерки со кои оваа еднаквост треба да биде промовирана и обезбедена.

# 1. ШТО Е ДИСКРИМИНАЦИЈА И КАКО ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ

*Човековите права се законски права затоа што:*

- *се дел од меѓународното и национално право;*
- *постои систем што ги гарантира;*
- *постојат механизми на контрола; и*
- *постојат санкции кога правото е повредено или не може да се практикува.*

**Според Уставот:** „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и во правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.[2]

**Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010) е усвоен на 8.4.2010 година, влезе во сила на 21.4.2010 година, а ќе се применува од 1.1.2011 година.**
**http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/diskriminacija_zakon.pdf**

**Според Законот:** Заштитата и забраната за дискриминација се однесуваат на сите физички и правни лица во процесот на остварување на правата и на слободите гарантирани со Уставот и со законите на Република Македонија.

Ова значи дека Законот се однесува на сите луѓе на територијата на Република Македонија независно од нивното државјанство, што е пошироко важење од тоа што е дадено во Уставот.

**Според Законот:** Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна спреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа што е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

Основа што недостига во споредба со директивите на ЕУ е **сексуалната ориентација**.

Основи што ја надминуваат регулативата на ЕУ се: род, припадност на маргинализирана група, образование, семејна или брачна и здравствена состојба.

2 Член 9 од Уставот на Република Македонија

## Како ќе ја препознаеме дискриминацијата?

| | |
|---|---|
| **Секое:** | • разликување;<br>• исклучување;<br>• ограничување;<br>• нееднакво постапување или непостапување. |
| **Мотивирано од:** | однапред предвидени основи (пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна спреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа што е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа). |
| **Кое има за цел или доведува до:** | оневозможување или отежнување на признавањето, практикувањето на сите права и слободи, односно до понеповолен третман на едно лице во однос на друго во слична ситуација. |

# 2. ВИДОВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА

### а) Според сторителот:

- **Поединечна** – однесување на поединци што има влијание врз остварувањето на правата и на слободите на одреден број луѓе.

Полицаец постапува понижувачки кон сексуална работничка.

- **Институционална** – политика на институциите и однесување на поединци што ги контролираат тие институции.

Министерот/министерката за внатрешни работи наредува лишување од слобода на сите сексуални работнички и нивно присилно тестирање за сида.

- **Структурна** – рутини, вообичаени постапки, општественоприфатливо однесување во институциите, кое спречува одредени групи луѓе да ги остварат своите права.

Полицајците не прифаќаат пријава за силување во случај кога станува збор за платена сексуална услуга.

Најпроблематичен вид е структурната дискриминација. Овој вид дискриминација не го надминува вообичаеното, општоприфатено однесување, кое е во рамките на тоа што претставува традиција и култура на пошироката заедница и не е осудувано од потесното и од поширокото опкружување на сторителот.

**Структурна дискриминација**

- **Нормално однесување**
  - Традиција
  - Религија
  - Општествено прифатено однесување
- **Вина на жртвата**
  - Култура
  - Пасивност незаинтереси-раност
  - Сопствен избор
  - Незнаење

**На пример:**
Полицијата одбива да прими пријава за силување од страна на сексуална работничка.

Општоприфатено е сексуалните работнички да се третираат како луѓе од втор ред. Тие се осудени од религијата и се отфрлени од секојдневниот живот и нормално е дека за нив нема да постои еднаква заштита во случај на напад. Да бидат сексуални работнички е нивни избор и сами се виновни доколку некој ги присили на секс.

Резултат: еден човек добива помалку заштита од државен орган затоа што има некоја карактеристика (професија - сексуална работничка).

## б) Според дејството:

- **Директна дискриминација**

| Нашиот закон | Директивите |
| --- | --- |
| Директна дискриминација врз дискриминаторска основа е секое неповолно постапување, разликување, исклучување или ограничување, кое како последица има или би можело да има одземање, нарушување или ограничување на еднаквото признавање или уживање на човековите права и основни слободи, споредено со третманот што го има или би можело да го има друго лице во исти или слични услови. | 1. Директна дискриминација постои кога едно лице се третира, било третирано или би било третирано понеповолно од друго, во слична ситуација, врз основа на етничко или расно потекло.<br>2. Директна дискриминација постои кога едно лице или лица што се или за кои се претпоставува дека се заедно со такво лице се третира понеповолно од друго во слична ситуација, врз основа на еден или на повеќе од основите на дискриминација. |

Во дефиницијата во македонскиот закон недостига:

- времето (минато, сегашно, идно);
- асоцијативната дискриминација (поврзана со претпоставката дека некој има одредена карактеристика).

Во практика ова значи дека според македонскиот закон во случај на поведување постапка поради дискриминација судијата може да бара од жртвата на дискриминацијата да докаже дека, навистина, припаѓа на одредена група (на пример Роми) што, според правото на ЕУ, воопшто не е важно. Според правото на ЕУ, важно е дека тој што дискриминирал мислел дека пред себе има човек што припаѓа на одредена група (на пример Роми) и поради тоа го дискриминирал.

Според директивите на ЕУ: не треба странката да докажува дека припаѓа на одредена група (има одредена религиозна определба, конкретна физичка или ментална спреченост, возраст или сексуална ориентација) за да станува збор за дискриминација врз дадена основа. Доволно е да се направи извесно дека тој што дискриминирал го направил тоа поради одредена карактеристика (која мислел дека ја има или ја припишува на лицето што го дискриминира).

- **Индиректна дискриминација**

Дефиницијата на индиректната дискриминација од Законот во голема мера соодветствува со дефинициите во директивите: индиректна дискриминација врз дискриминаторска основа е секое ставање на некое лице или група во неповолна положба во споредба со други лица со донесување очигледно неутрални одредби, критериуми или со преземање определена практика, освен кога таквите одредби, критериуми или практика произлегуваат од оправдана цел, а средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.

# 3. ОД КОГО И КАДЕ СЕ ПРИМЕНУВА ЗАКОНОТ?

Според текстот на Законот, тој се применува од страна на **сите** (државни органи, локална самоуправа, правни лица со јавни правни овластувања и правни и физички лица). Во Законот се наброени областите на примена:

1) работа и работни односи;
2) образование, наука и спорт;
3) социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита;
4) правосудство и управа;
5) домување;
6) **јавно информирање и медиуми;**
7) пристап до добра и до услуги;
8) членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство;
9) култура; и
10) други области определени со закон.

Со овој член се покриени и **јавниот и приватниот сектор**, што не треба да се меша со јавен и со приватен живот.

**На пример:**

Ако одбијам да примам на гости двајца хомосексуалци поради тоа што се хомосексуалци, не може да бидам повикан на одговорност поради дискриминација (приватен живот).

Ако одбијам да издадам мој приватен стан, кој сум го пријавил како стан за издавање, на двајца хомосексуалци поради тоа што се хомосексуалци тогаш може да бидам повикан на одговорност и за мене да се поведе постапка за дискриминација (приватен сектор).

Примената на Законот во областа на **јавното информирање и на медиумите** може да се манифестира како:

- препознавање слики, наслови и текстови со дискриминаторска содржина (независно од тоа дали станува збор за текстови на новинари, насловни теми, колумни или пренесени изјави); [3]
- препознавање промотивни слики, наслови и текстови со кои се адресира дискриминацијата и се поддржува позитивната акција;
- поведување постапки против главни и одговорни уредници, новинари и колумнисти што дискриминираат, повикуваат на дискриминација или промовираат дискриминаторско однесување и постапување.

3 Дискриминацијата мора да се посочи, да се покаже дека уредникот / новинарот / медиумот е свесен за неа и да се адресира како проблем. Голото пренесување дискриминаторски изјави без нивна анализа и адресирање на дискриминацијата ќе се смета за дискриминација направена од страна на медиумот.

# 4. СУБЈЕКТИ

Според законот, заштитата од дискриминација и забраната за вршење дискриминација се однесуваат на сите физички и правни лица.

Во согласност со директивите на ЕУ, дадена е можноста поединци и организации да учествуваат во постапките во врска со дискриминација (како вмешувачи на страна на лицето што тврди дека е дискриминирано). Единствен проблем е што за ова вмешување одлука донесува судот.

Здруженија и фондации, установи или други организации од граѓанското општество, кои имаат оправдан интерес за заштита на колективните интереси на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита на правата на еднакво постапување, можат да поднесат тужба и во постапката пред судот да настапат како сопарничари против лицето што го повредило правото на еднакво постапување, ако направат веројатно дека со постапувањето на тужениот е повредено правото на еднакво постапување на поголем број лица.

# 5. КОГО НАЈЧЕСТО ДИСКРИМИНИРАМЕ? ЗА СТЕРЕОТИПИТЕ, ПРЕДРАСУДИТЕ, СТИГМАТА И ЗА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ

**Стереотипи**

- Раширени, упростени перцепции за одредена категорија луѓе

**Предрасуди**

- Логички неосновани ставови кои се упорно одржувани и проследени со интензивни емоции

**Дискриминација**

- Постапки кои оневозможуваат одредени групи луѓе да ги практикуваат правата поради некоја своја карактеристика

Најчеста последица: (расно, родово, статусно, здравствено итн.) **профилирање** - градење очекувања и однесување во согласност со стереотипот, а не во согласност со конкретната ситуација.

**Стереотипот никогаш не е цела приказна**
Стереотипите се репродуцираат врз основа на селективното помнење и заборавање - ние полесно ги забележуваме карактеристиките и однесувањата што ги потврдуваат нашите погледи, а ги занемаруваме тие што ги предизвикуваат нашите погледи.

Стереотипите ја изобличуваат сликата на еден настан или личност. За да добиеме покомплетна слика треба да ги поставеме прашањата:

- Дали има непотребно споменување одредена карактеристика (етничка припадност, раса, пол, статус, политичка припадност...)?
- Дали се споменуваат сите суштински факти?
- Дали сме ги провериле сите податоци (имиња, односи, настани, ситуации)?
- Дали е направено разграничување меѓу веста и коментарот?
- Дали веста ќе има несразмерно големо негативно влијание врз одредена група луѓе?
- Дали фотографиите и насловите се соодветни на текстот на веста?
- Дали е веста ослободена од несоодветни навредувачки или понижувачки јазик?

Проста проверка на соодветноста на спомнатите карактеристики - сите карактеристики што ги споменуваме да ги замениме со општоприфатени и позитивно вреднувани карактеристики. Доколку ваквата измена може да се прифати, тогаш постои соодветност на споменатите карактеристики.

На пример, насловот:
Роми направиле серија кражби низ градот
го заменуваме со насловот:
Македонци направиле серија кражби низ градот

Доколку карактеристиката е соодветна за опишаниот настан и во вака изменетата форма, тогаш може да ја задржиме, доколку не е, тогаш најверојатно станува збор за стереотип или предрасуда, која на ваков начин се репродуцира.

## а. Перцепција

- еден ист настан, иста група луѓе и иста ситуација, различно ја перцепираат различни луѓе. Перцепцијата зависи од голем број субјективни и објективни околности.



## б. Ранливи групи

***Некои луѓе е поверојатно дека ќе бидат осомничени и обвинети за криминал од други, правата на некои луѓе полесно ќе бидат прекршени отколку на некои други и некои луѓе ќе добијат помала заштита отколку некои други.***

Кого можеме да вброиме во ранлива група?

| | |
|---|---|
| Сиромашни | Жени |
| Деца | Бегалци и внатрешнораселени |
| Етнички, религиозни, јазични малцинства | Сексуални малцинства |
| Стари и немоќни | Сексуални работнички |
| Бездомници | ... |

Како да препознаеме дека станува збор за ранлива група?

| | |
|---|---|
| Специфична положба во општеството: | • надвор од центрите на моќта;<br>• социјална исклученост;<br>• објект на предрасуди. |
| Посебни карактеристики што ги прават погодни за одредени видови насилство: | • физички напад;<br>• силување;<br>• психолошко вознемирување (мобинг);<br>• закани. |
| Помала можност за уживање и за заштита на сопствените права: | • потешко ги остваруваат правата;<br>• не можат да ги практикуваат;<br>• не можат да добијат заштита; |

Не е потребно кумулативно постоење на сите или на поголем број од наброените карактеристики за да може одредена група да ја сметаме за ранлива. Отстапувањата поврзани со поединци од таа група што не ја следат судбината на мнозинството не ја менува генералната определба.

**На пример:** Зошто сметаме дека Ромите се ранлива група?

| | |
|---|---|
| Специфична положба на Ромите во општеството: | • надвор се од центрите на моќта;<br>• подложни се на социјално исклучување;<br>• објект се на предрасуди. |
| Помала можност за уживање и за заштита на сопствените права од страна на Ромите: | • потешко ги остваруваат правата;<br>• не може да ги практикуваат на еднаков начин со другите;<br>• не добиваат еднаква заштита кога им се повредени правата. |

Тоа што има министер во Владата на државата што припаѓа на ромската заедница не ја менува положбата на поголем број Роми.

# 6. КОГА ЕДНАКВОТО ПОСТАПУВАЊЕ Е ДИСКРИМИНАЦИЈА, А НЕЕДНАКВОТО НЕ Е?




**На пример:** Постои дискриминација кога работодавецот нема да вработи лице што ги исполнува условите за работа поради тоа што е црнец.




**На пример:** Не постои дискриминација кога на распишан конкурс за актер нема да биде примен црнец кога улогата за која се конкурира е ликот на Никола Карев.

# 7. АФИРМАТИВНИ МЕРКИ И ПОЗИТИВНА АКЦИЈА

## а) Афирмативни мерки

- активностите и мерките што ги презема државата со цел да намали, отстрани или негира постојна фактичка нееднаквост, која претставува резултат на претходна дискриминација.

**На пример:** Воведување квоти за да се овозможи присуство на жените во парламентот поради тоа што поради континуирана дискриминација врз основа на пол е создаден голем дебаланс во учеството на жените во процесите на донесување одлуки.

### б) Позитивна акција

- активна поставеност на државата за постигнување еднаквост и градење цел систем од мерки со кои се создаваат услови за отсуство на дискриминација.

**На пример:** Архитектонски приспособувања, кои им овозможуваат пристап на лицата со физичка спреченост.

# 8. ПОИМИ ПОВРЗАНИ СО НАЧЕЛОТО НА ЕДНАКВОСТ

## Виктимизација

Понеповолно постапување со конкретно лице (било да е самото жртва на дискриминација или не) поради тоа што презема одредени активности за заштита од дискриминација (пријавило дискриминација, посочило на дискриминација, почнало правна процедура за заштита од дискриминација) или е во врска со лице што презело или се претпоставува дека презело или ќе преземе активности во насока на одбрана од дискриминација.

## Ксенофобија

Страв од странци, од сè што е туѓо, одбојност што поединецот ја чувствува кон странец или странци - општествено неприфатливо однесување кон емигранти, сезонски работници, баратели на азил, бегалци и нивните семејства.

## Мултиплицирана дискриминација

Дискриминација на одредени лица или групи, која може да се подведе под повеќе основи.
На пример: Жена Ромка може да биде дискриминирана:

- врз родова основа;
- врз етничка основа; и
- врз основа на социјален и економски статус.

## Поттикнување дискриминација

Активности со кои некој директно или индиректно охрабрува, дава упатства, се заканува, врши притисок или убедува некого да направи дискриминација кога страната што поттикнува е во позиција да влијае врз поттикнуваната страна.

## Разумно приспособување[4]

- Потребна промена и дизајнирање на околината, кои не претставуваат несразмерно и прекумерно оптоварување, со цел на лицата со инвалидност да им се осигури уживање и користење на сите човекови права и слободи на рамноправна основа со другите.
- Непречен пристап на лицата со инвалидност до јавните простории, приспособување на средствата за јавен превоз, приспособување на работното време, прераспределба на задолженија меѓу членовите на конкретен тим и сл.

## Сегрегација

- Систем од репресивни мерки и постапки со кои се спречува, промовира или се отежнува мешање на луѓе што се перцепираат како припадници на различни групи.
- Сегрегација може да се врши врз различни основи (етничка, културна, религиозна и родова).
- За сегрегација станува збор независно од тоа кој го иницира и спроведува издвојувањето (малцинската или мнозинска група).

## Вознемирување

- Континуирано зборување, однесување или активности што притискаат, иритираат, кои се заканувачки или предизвикуваат значителен емоционален стрес.
- Несакани коментари (за изглед, одредени карактеристики или постапки).
- Понижувачки и навредувачки гестови.
- Quid pro quo вознемирување (вознемирување што се манифестира во барање конкретна услуга, најчесто сексуална, во замена за оценка, напредување во служба, плата или сл.).

## Префрлање на товарот на докажување

- Доколку страната што се жали дека е жртва на дискриминација изнесе факти што го оправдуваат сомневањето дека настанала директна или индиректна дискриминација, обвинетата страна мора да докаже дека не било повредено правото на еднаков третман.
- Промената на правецот на докажување е направена поради тоа што тие што дискриминираат имаат на располагање голем број начини да ја прикријат дискриминацијата. Многу често станува збор за традиционално присутни стереотипи и предрасуди, а во дел од случаите тие што дискриминираат не се ни свесни дека го прават тоа.

**Префрлање на товарот на докажување**

| **Нашиот Закон** | **Директивите** |
|---|---|
| Ако странката во судска постапка тврди дека во согласност со одредбите на овој закон ѝ е повредено нејзиното право на еднакво постапување е должна да ги изнесе сите факти и докази што го оправдуваат нејзиното тврдење.<br>Докажувањето дека немало дискриминација паѓа на товар на спротивната странка.<br>(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се применува во прекршочната и казнената постапка. | Потребно е изнесување факти од кои може да се претпостави дека имало директна или индиректна дискриминација, а обврска на обвинетиот е да докаже дека немало повреда на принципот на еднаков третман.<br>Земјите што се членки не треба да ги применуваат правилата на товарот на докажување во процесите во кои постои обврска на судот или на друго надлежно тело да ги истражи фактите на случајот. |

4 Во овој прирачник се користи терминот приспособување како посоодветен и покрај тоа што во Законот за спречување и заштита од дискриминаца се користи терминот прилагодување.

# 9. МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА

## а) Во Законот за спречување и заштита од дискриминација е предвидено формирање Комисија за заштита од дискриминација.

| Надлежност | Можни проблеми во практиката |
|---|---|
| Постапува по претставки, дава мислење и препораки за конкретните случаи на дискриминација. | Капацитетите и независноста на комисијата. |
| Дава информации за правата и за можностите за поведување судска или друга постапка за заштита. | Достапност за сите заинтересирани. |
| Поведува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи поради сторени повреди на овој закон. | Не може да поведе иницијатива пред суд. |
| Поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија. | Не поднесува извештај до граѓаните. |
| Ја информира јавноста за случаите на дискриминација и презема активности за промоција и за едукација на еднаквоста, човековите права и недискриминација. | Ограничени ресурси. |
| Го следи спроведувањето на овој закон, иницира измена. | |
| Воспоставува соработка со органите надлежни за остварување и за заштита на човековите права во локалната самоуправа. | |
| Дава препораки на државните органи за преземање мерки за остварување на еднаквоста. | |
| Дава мислења по предлози на закони што се значајни за заштита од дискриминација. | Не е прецизиран односот на овој закон со другите закони во кои има недискриминаторски определби. |
| Собира статистички и други податоци, формира бази на податоци. | Не е предвидена употреба на статистичките податоци во судска постапка. |
| Спроведува студии, истражувања и обуки во врска со дискриминацијата. | Прашање на ресурси (човечки и материјални). |
| Соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на заштита од дискриминација. | |

### б) Судска заштита

Во парнична постапка може да се бара заштита во случај на дискриминација. Во парницата може да се придружат заинтересирани организации (НВО, синдикати и сл.).
Во парничната постапка може да се бара:

1) утврдување на дискриминацијата,
2) забрана за дејства,
3) преземање дејства за отстранување на дискриминацијата и на последиците,
4) надоместување материјална и нематеријална штета и
5) објавување на пресудата во медиуми.

Судската заштита е многу конфузна и недоизградена во Законот за превенција и за заштита од дискриминација. Се очекува во практика барателите на заштита да наидат на непремостливи пречки во постапките пред судовите, односно за истоветни ситуации да бидат донесени различни судски одлуки.

# 10. НЕДОСТАТОЦИ И ПРОБЛЕМИ

### а) Недостатоци што го прават законот некомплементарен со директивите, кои може да се одразат на заштитата:

- Отсуство на терминот еднаквост како крајна цел на борбата со дискриминацијата (во создавањето услови за фактичка еднаквост и за еднаквост на шансите во практикувањето на основните права и слободи на сите човечки суштества, борбата со дискриминацијата претставува средство, а не цел сама за себе).[5]
- Отсуство на асоцијативна дискриминација[6] (врз основа на претпоставени карактеристики или поради врска со лице со одредени карактеристики).
- Неможност да се употребуваат статистичките податоци во судска постапка.[7]
- Отсуство на дефинирани ефективни, пропорционални и обесхрабрувачки санкции и секогаш да предвидуваат надомест на штетата на жртвата.[8]

5 На пример: За да може секое дете да добие еднаква можност да го оствари максимумот на сопствените потенцијали, децата не треба да бидат различно третирани во процесот на образование поради нивната раса, пол, етничка или социјална припадност.
6 За асоцијативна дискриминација станува збор кога едно лице се третира понеповолно поради тоа што се претпоставува дека припаѓа на одредена група или, пак, е во друштво на луѓе што припаѓаат на таа група. На пример: една жена се третира понеповолно од страна на полицијата во пријавување насилство поради тоа што полицијата мисли дека е сексуална работничка (а, таа, всушност, не е). На овој начин жртвата на дискриминација не треба да докажува дека припаѓа на одредена група (на пример, дека, навистина, е сексуална работничка), туку само треба да посочи на индикации што укажуваат на тоа дека тие што вршеле дискриминација, вршеле врз таа основа.
7 На пример: Во ситуација кога има поголем број „ситни“ дискриминации врз една основа (во една банка лицата од конкретна етничка припадност чекаат подолго време за да добија конкретна услуга), кога можат да се посочи на соодветна статистичка разлика (децата од конкретна етничка заедница почесто се упатуваат во специјални училишта за деца со пречки во развојот), или кога изведувањето на секој поединечен случај би претставувало поведување постапка со минорна вредност (поради што може да биде одбиено од страна на судот), претходно собрани податоци треба да можат да се искористат пред судот во прилог на еден конкретен случај, или во постапка за донесување одлука што ќе се однесува на поголем број случаи.
8 Во нашата регулатива или воопшто не се предвидени санкции или се несразмерно мали и не претставуваат сериозна закана за сторителите (актуелни и потенцијални) на акт на дискриминација.

## б) Проблеми што може да ги претпоставиме

- Достапност на комисијата за маргинализираните и ранливи групи - ќе зависи од тоа каде е сместена комисијата (дали е надвор или во рамките на некој државен орган), архитектонска достапност, бројот, однесувањето и услужноста на вработените, користење бесплатна телефонска линија за контакт со баратели на помош.
- Независност на комисијата - материјална (колку пари ќе ѝ бидат ставени на располагање и кој ќе раководи со нив), институционална (како ќе биде поставена во однос на другите државни органи) и организациска (колку вработени ќе има, кој ќе ги избира, врз основа на кои критериуми и на кој начин ќе бидат третирани).
- Неусогласеност со другите закони - отсуството на преодни одредби со кои се предвидува усогласување на сите други закони со терминологијата, одредбите и со механизмите на заштита дадени во Законот за спречување и за заштита од дискриминација, може да доведе до различни решенија во истоветни или слични случаи.

**Корисни линкови:**

http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/activities/GeneralThemes_en.asp

http://www.fra.europa.eu/fraWebsite/home/home_en.htm

http://www.equineteurope.org/

http://www.equalitytribunal.ie/index.asp?locID=76&docID=-1

http://www.non-discrimination.net

http://fra.europa.eu/fraWebsite/media/materials_trainings/diversity_toolkit_en.htm

http://www.dorsetrec.org.uk/Static/Docs/ELibrary.pdf

http://www.ichrp.org/files/reports/14/106_report_en.pdf

# АНЕКС 1

**Прашања што може да помогнат:**

1. Дали сум свесен/свесна за моите лични ставови кон темите што ги покривам?
2. Дали сум свесен/свесна за моќта на фотографиите, зборовите и на музиката?
3. Дали споменувам карактеристика што не е суштинска за сторијата?
4. Дали ги имам испитано фактите?
5. Дали консултирав искусни луѓе и луѓе со различна припадност?
6. Дали побарав различни мислења?
7. Дали проверив какви стереотипи содржи мојот напис?
8. Дали сум свесен/свесна за влијанието на мојот напис врз различни луѓе?

# АНЕКС 2

**Како се манифестира дискриминацијата во медиумите:**

1. Помало присуство на одредени групи во медиумските прикази.
2. Стереотипи.
3. Клише при претставување одредени заедници или начин на живеење место продлабочен и аналитички пристап.
4. Употреба на јазик што создава дискриминаторски поттекст.
5. Негирање постоење дискриминација.





# ЗНАЧЕЊЕТО И УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА



# 1. РАЗБИРАЊЕ И ПРИФАЌАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ

## Еднакви и различни

Еднаквоста и различноста се две различни категории, кои не се меѓусебно спротивставени. Сите човечки суштества се раѓаат слободни и **еднакви** по достоинство и по права.[1] Но, сите човечки суштества не се исти. Дури и „идентичните близнаци“ немаат идентични отпечатоци на прстите. Разликите, обично, се делат на биолошки и на културни, вродени и здобиени. Луѓето се разликуваат според многу карактеристики, но секој е еднаков пред законот.

Луѓето се разликуваат според полот, родот, расата, бојата на кожата, етничкото потекло, социјалното потекло, според генетските карактеристики, јазикот, религијата, уверувањето, според своите гледишта (независно дали се политички, филозофски итн.), според припадноста кон некое малцинство, според физичкиот изглед, сексуалната ориентација итн. Но, ниту една од овие разлики не би требало да биде пречка за уживање на човековите права.

## Културни разлики

Сите човечки суштества се универзално еднакви и специфично различни. Дел од разликите се биолошки, но повеќето произлегуваат од културата и од начинот на живот. Антрополозите, етнолозите и социолозите нудат стотици различни дефиниции на зборот „култура“. Денес, на сите континенти постојат различни форми на живот во кои различни социјални групи играат различна социјална улога. Во Европа тешко може да стане збор за монокултурно општество, во кое преовладува само една култура. Културите не се изолиран остров. Дури и на Исланд, луѓето имаат различна вероисповед (лутерани, протестанти, католици...) и говорат различни јазици (исландски, норвешки, англиски...).

Често општествата се делат и на **мултикултурни** и на **интеркултурни**.

Во **мултикултурните** општества, различните културни, национални, етнички, религиозни групи живеат во рамките на една иста територија, но не секогаш контактираат едни со други.

Во **интеркултурните** општества постојат отворени односи меѓу различните групи, интеракција, размена, заемно признавање и почитување на вредностите и на начинот на живот.

## Разбирање и почитување на разликите

Зависно од општеството и од културата, некои разлики повеќе се разбираат и почитуваат, а некои помалку. Неразбирањето и непочитувањето на етничките и на религиозните разлики беше причи-

1 Член 1 од Универзалната декларација за човекови права на ОН, усвоена на 10 декември 1948 година.

на за долгогодишни воени конфликти на Балканот во 20 век. Неразбирањето и непочитувањето на разликите во однос на сексуалната ориентација е причина за насилство и за дискриминација кон лицата со нехетеросексуална ориентација. Неразбирањето и непочитувањето на многу други разлики е причина за маргинализација и за медиумска невидливост на повеќе дискриминирани групи.

За **културен плурализам,** обично, зборуваме кога некои помали групи го задржуваат својот културен идентитет и кога нивните вредности, практика и идентитет се признаени и прифатени од доминантната култура. Културниот плурализам е императив на демократските општества што се грижат за постигнување фактичка еднаквост меѓу луѓето.

Зборот **толеранција** има различни значења. Најнапред се користел во религиозна смисла - прифаќање на тие религиозни гледишта со кои не се согласувам. Потоа, се користел и во смисла на прифаќање на какви било гледишта, практика, поединци со кои не се согласувам, но ги „поднесувам“, „трпам“. Во рамките на човековите права зборот толеранција најчесто се користи во смисла на активно почитување, прифаќање и разбирање на разликите што се јавуваат како основи за дискриминација.

## Форми на неприфаќање на разликите

Нетолеранцијата е форма на неприфаќање и на спротивставување на одредени разлики. На пример, антисемитизмот и исламофобијата (предрасуди, непријателство и омраза кон Евреите и кон муслиманите) се форми на религиозна нетолеранција. Религиозната нетолеранција често е препознатлива по обидите да се демонизира другиот. Можеме да разликуваме и повеќе форми на расна нетолеранција, родова нетолеранција, сексуална нетолеранција итн.

**Етноцентризмот** претставува навика да се гледаат нештата само од гледна точка на сопствената етничка група или обид да се проценува една култура според стандардите на друга култура. Исклучителните националисти често ги отфрлаат сите што не ја споделуваат нивната културна припадност, а другите култури ги прогласуваат за инфериорни. Како што видовме и на Балканот, етноцентризмот може да доведе до сериозни политички конфликти, војни, тероризам, па дури и до геноцид.

**Евроцентризмот** упатува на практиката да се гледа светот исклучително од европска перспектива подразбирајќи дека европските вредности треба да се почитуваат повеќе од другите.

**Ксенофобијата** подразбира неприфаќање, страв и отфрлање на туѓинците, односно на луѓето со поинаква националност (државјанство).

**Ејџизмот** подразбира негативен стереотип и дискриминација на луѓето врз основа на нивната возраст.

Често, поради својата различност, луѓето се изложени на **социјална стигма**, социјално исклучување, маргинализација, невидливост, сегрегација. **Стигмата** се јавува како резултат на етикетирање на разликите врз основа на негативни стереотипи кон припадниците на некоја група што социјално се обележува затоа што отстапува од доминантните културни норми. Стигматизирањето дискредитира, омаловажува и сугерира социјално исклучување на стигматизираното лице или група. На пример, корисниците на дрога, сексуалните работници и лицата со ХИВ/сида секојдневно се етикетираат, дискредитираат и омаловажуваат. Некои сакаат да ги „дислоцираат“ од местата каде што работат или се лекуваат. Некои воопшто не сакаат да имаат контакт со нив. Мнозинството од

нив живеат на маргините на општеството, нивните проблеми се невидливи за окото на јавноста, а своите здравствени права можат да ги остварат само ако прифатат да бидат сегрегирани од другите пациенти.

Во традиционалните патријархални општества тешко се прифаќаат и разликите врз основа на полот, родот и сексуалната ориентација. Женското движење се бори против негативното претставување на жените, против сексизмот и мизогинијата. **Сексизмот** упатува на потценувачките гледишта или ставови, кои сметаат дека еден пол или род (најчесто машкиот) е супериорен во однос на другиот (најчесто женскиот).

**Мизогинијата** е термин што упатува на омразата кон жените, која е забележлива во литературата, философијата, уметностите, во хипхоп-културата, во медиумите итн. Многу студии укажуваат на поврзаноста меѓу сексизмот и мизогинијата и дискриминацијата и насилството врз жените.

Со терминот **хомофобија** се означува страв, омраза, предрасуди и негативни ставови и чувства кон хомосексуалците. Доколку негативните ставови и чувства се насочени кон трансродовите луѓе зборуваме за **трансфобија**. Изразот трансродови луѓе се однесува на лица, чијшто родов идентитет или изразување на родот се разликува од биолошкиот пол што им е одреден при раѓањето. Тука спаѓаат транссексуалците (кои се идентификуваат како маж во тело на жена или жена во тело на маж), интерсексуалците (чиишто гениталии не можат да се вклопат во „двопартискиот“ полов систем), трансвеститите (луѓе што носат облека од спротивниот пол) и луѓе со други родови различности.

Активистите за човекови права што се борат против дискриминацијата се борат и против сите форми на неприфаќање на сите разлики што не ги повредуваат човековите права на другите.

# 2. ЗОШТО И КАКО ДИСКРИМИНИРААТ МЕДИУМИТЕ?

## Медиуми: Стереотипи, предрасуди, дискриминација

Медиумите имаат моќ да ги зацврстат стереотипите (според Липман, стереотипите се „слики во нашите глави"). Медиумите користат методи што водат до стереотипи што ги игнорираат поединечните карактеристики. Стереотипите во медиумите ги редуцираат и/или пренебрегнуваат разликите. Како што укажува еден автор, „стереотипите ја преобратуваат реалната личност во вештачко лице", при што се негира хуманоста на личноста.[2]

Зошто медиумите користат стереотипи? Некои теоретичари медиумските стереотипи ги доведуваат во врска со потребата на рекламната индустрија да се обраќа на што поголем број купувачи. Други сметаат дека професионалците во медиумите користат стереотипи затоа што одат по линија на помал отпор и не сакаат да ги доведуваат во прашање доминантните социјални предрасуди. Трети, пак, сметаат дека стереотипите во медиумите се должат на неразновидноста во самите медиуми, односно на тоа што медиумските работници не ги претставуваат сите различни културни групи во општеството. Како и да е, повеќето теоретичари се согласуваат дека стереотипите во медиумите ги зацврстуваат социјалните предрасуди и нееднаквост.

Медиумите често произведуваат зборови и претстави што повредуваат. Негативните стереотипи создаваат негативни предрасуди кон одредени поединци поради нивната различност. Во најголем број случаи, дискриминаторското однесување е поттикнато од негативни предрасуди. Некои автори дури и ја дефинираат дискриминацијата како „предрасуда во акција". Еве на што укажуваат проучувачите на стереотипите и на дискриминацијата во медиумите: „Историјата покажа дека стереотипите може да доведат до жигосување, кое може да доведе до дискриминација, кое може да доведе до сегрегација, кое може да доведе до физичко малтретирање, кое може да доведе до државноспонзориран геноцид".[3]

## Медиумите и дискриминацијата

Кај многу медиумски работници се јавува отпор кон проблемот на дискриминацијата во медиумите и во општеството. Дел од нив, слично како некои политичари, го негираат постоењето на проблемот. Некои се обидуваат да го извртат проблемот и да го претстават како нешто друго. Трети се обидуваат да ја оправдаат дискриминацијата во медиумите. На пример, тие што го прифатиле стереотипот за „медиумското огледало", често објаснуваат дека медиумите само ги одразуваат постојните негативни стереотипи и предрасуди.

Меѓутоа, медиумите не се само „огледало на општеството". Медиумите ја претставуваат социјалната практика, но, исто така, медиумите и ја обликуваат социјалната практика во согласност со определени интереси во даден контекст. Некогаш медиумите се јавуваат во улога на критичари

2 Enteman, Willard F., "Stereotyping, Prejudice, and Discrimination", in: *Images that Injure: Pictorial stereotypes in the media*, ed. by Paul Martin Lester and Suzan Dente Ross, Praeger Publishers, 2003, p. 17.

3 Lester, P.M. and Ross, S.D., "Images that Injure: An Introduction", in: *Images that Injure: Pictorial stereotypes in the media*, ed. by Paul Martin Lester and Suzan Dente Ross, Praeger Publishers, 2003, p. 2.

на дискриминаторската практика, некогаш во улога на оправдувачи.
Малкуте истражувања кај нас покажуваат дека медиумите се многу малку чувствителни за концептот на човекови права и за принципите на недискриминација.[4] Новинарите и уредниците се недоволно подготвени за препознавање на дискриминацијата, посебно кога жртви се припадници на маргинализирани групи. Неретко, медиумите отворено промовираат дискриминаторски ставови и социјално исклучување на припадниците на маргинализираните групи, па дури и говор на омраза.

Теоретичарите што ја истражуваат дискриминацијата во медиумите, обично, се заинтересирани за следниве прашања: Како лицата што се ранливи на дискриминација се именуваат и посочуваат лингвистички? Кои белези, карактеристики, квалитети и одлики им се припишуваат? Кои аргументи се користат за да се оправда исклучувањето, дискриминацијата, потиснувањето и експлоатирањето на другите? Од која гледна точка се изразуваат овие именувања, припишувања и аргументи? Дали дискриминаторските изјави се артикулираат отворено, дали се засилени или ублажени?

# Како дискриминираат медиумите?

## Нечувствителност кон достоинството на ранливите групи

### а) Непријатни споредби

ТВ-прилог: „Леси се враќа дома. Македонските и српските граѓани азиланти вчера тргнаа од Белгија“.
Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ): „Советот на честа не може да препознае јавен интерес во најава ’Леси се враќа дома’, во која азилантите се споредуваат со животни. Поврзувањето на судбината на кучето Леси со судбината на азилантите се негира со новинарската етика и ги навредува чувствата на овие граѓани“.
*Новинарите треба да бидат особено чувствителни за достоинството и за правата на маргинализираните лица, како што се барателите на азил.*

### б) Несоодветна терминологија

Наслов во дневен весник: „Превозот за инвалиди бесплатен, но недостапен“.
Некогаш не е доволно да се биде чувствителен за проблемите со кои се соочуваат лицата со спреченост. Со употребата на термините „инвалид“, „инвалидизирани лица“, „лица во инвалидски колички“, новинарот ризикува да го повреди достоинството на голем дел од лицата за кои известува.
*Новинарите не треба да употребуваат термини што го повредуваат достоинството на лицата со спреченост. Место изразите „инвалид“, „хендикепирано лице“, покоректно би било да се употребуваат изразите „лица со спреченост“ или „лица со посебни потреби“.*

Наслов во дневен весник: „Курвите со пендрек на преглед“
*Новинарите треба да ги прифатат термините „сексуални работници“ и „сексуални работнички“, а да ги одбегнуваат стигматизирачките и сензационалистички термини како „проститутки“, „камењарки“, „девојки од албум“, „ноќни дами“, „ороспии“, „курви“...*

4 Видете, на пример, *Медиуми, дискриминација и маргинализирани групи,* Коалиција за сексуални и за здравствени права на маргинализираните заедници, Скопје, 2009 http://www.coalition.org.mk/images//komplet.pdf.

### в) Подбивање или кажување дискриминаторски шеги

НМ: Колумната „Педерологија" во која маргинализираните групи како што се хомосексуалците се третираат со подбивност е во спротивност со членот 10 од етичкиот кодекс, кој бара од новинарот: „да не поттикнува дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).
*Изложувањето на подбив на лицата со поинаква сексуална ориентација го повредува нивното достоинство и може да поттикне други видови дискриминација.*

Статијата со наслов „Црниот човек како супериорен спортист" почнува со следниве три шеги: „Што е бокс? Пет илјади белци гледаат како се тепаат двајца црнци. Што е атлетика? Дваесет белци бркаат еден црнец. Како ќе спречиш петмина црнци да силуваат белка? Фрли им баскет!".
*Новинарите треба да бидат особено внимателни кога пренесуваат содржини што промовираат расна супериорност и шеги што поттикнуваат негативни стереотипи и предрасуди кон дискриминираните лица.*

### г) Негативно претставување

Наслов во ТВ-прилог: „Затворениците во Шевенинген се стари и дебели"
*Новинарите имаат обврска да го почитуваат достоинството на сите лица за кои известуваат, вклучително и на лицата што се обвинети за воени злосторства. Во случајов, насловот испраќа дискриминаторска порака врз основа на возраст и на изглед.*

Колумна: „Имено, помалку се заморивме, драги мои, од главно трите групи - типа на другарки - госпожи во политиката: невротични кучки; истоштени квазиисусовки (кои ќе ја спасувале Македонија, која заслужувала подобра власт) и девојки од работните акции т.н.community girls".
*Медиумите треба да се воздржуваат од објавување сексистички и мизогинистички содржини или барем да се оградат од нив.*

## Некритичко пренесување дискриминаторски говор

### а) Парада за толеранција

ТВ-прилог: „Уа педери и уа лезбијки - не сакаме геј-парада - вака [членовите на партијата] го осудија маршот по повод меѓународниот ден на толеранцијата".
ТВ-прилог: „'Ако требаше да има педери, Господ немаше да ги создаде Адам и Ева', вели ... од Партијата..."
ЗНМ: Советот на честа укажа дека е неприфатливо директно пренесување изјави што содржат навреди кон одредена социјална група. Изјавата на претседателот на партијата... е некритички пренесена со што му се даде легитимност на дискриминаторски говор.
*Новинарите имаат обврска критички да се осврнат или да се оградат од дискриминаторските изјави затоа што некритичкото пренесување може да се протолкува како оправдување на дискриминацијата.*

### б) Учебник по педагогија

Наслов во дневен весник: „Хомосексуалците се невротични и психотични“
Поднаслов: „..., уредник и еден од авторите на учебникот по педагогија во кој хомосексуалноста е претставена како изопачена и ненормална, вели дека ќе ја скине страницата од учебникот кога во Македонија ќе се легализира бракот меѓу лезбијките и меѓу хомосексуалците“.
*Новинарите треба да се воздржат од сензационалистичи наслови, кои го легитимираат дискриминаторскиот говор и некритички испраќаат хомофобични пораки.*

### в) Наслов во дневен весник: „Внимание, сите црнци надвор!“

Од содржината на статијата дознаваме дека ваквото обраќање преку разглас во една продавница во САД предизвикала огорченост и бес кај купувачите и извинување од страна на раководството на компанијата.
*Новинарите треба да се воздржат од некритичко и сензационалистичко пренесување на расистички и на други дискриминаторски пораки во насловите, кои можат да ги збунат читателите и да предизвикаат огорченост.*

### г) Изјава на тинејџерка во статијата „Преку ’Влајко’ никој не поминува“

„Можеби ризикувам што ја поминувам улицата на пешачкиот премин, но барем не се плашам дека ќе налетам на предозиран наркоман што веќе се случувало во надвозникот“.
*Новинарите треба да ги препознаат и доведат под прашање негативните стереотипи кон корисниците на дрога и припадниците на другите маргинализирани групи.*

## Неоправдано наведување на етничката припадност или на други карактеристики

ТВ-прилог: „Незадоволни од приведувањето на..., денеска група Роми протестираше пред судот во ...“
ЗНМ: „Ниту протестот ниту целиот настан имаат некаква врска со националната припадност на учесниците, па оттаму нејзиното одредување не само што е неоправдано, туку е и несоодветно“. Советот на честа на ЗНМ потсети: „општоприфатен стандард во новинарството е дека наведувањето на националноста, полот, расата, верската припадност или сексуалната ориентација е оправдано само доколку тоа е директно важно за случајот за кој се информира, во спротивно станува збор за зацврстување на стереотипите и на предрасудите како вовед во дискриминација“.
*Новинарите треба да бидат крајно внимателни кога ги наведуваат националноста, полот, расата, верската припадност или сексуалната ориентација за да спречат зацврстување на негативните стереотипи и предрасуди.*

### Лажни генерализации

Новинарски текст: „Ромите си удрија празничен ќотек“
ЗНМ: „Насловот на текстот претставува недозволена генерализација, која продуцира предрасуди и ги зацврстува стереотипите за припадниците на ромската заедница. Формулацијата на насловот се однесува на сите Роми иако во текстот станува збор за физичка пресметка во која учествувале само неколкумина...“

*Новинарите треба да се воздржуваат од лажни генерализации, односно од формулации со кои се создава негативна слика за одредени социјални групи.*

## Говор на омраза

Говорот на омразата не е манифестација на правото на слободно информирање, туку негова злоупотреба и негација. Изразот „говор на омраза“ ги покрива сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи: нетолеранција изразена од страна на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, мигрантите и луѓето со имигрантско потекло“.[5] Покрај расистичкиот, ксенофобичниот, националистичкиот и другите споменати форми на омраза, сè почесто се зборува и за хомофобичен говор на омраза и за родово заснован говор на омраза. Советот на честа на ЗНМ побара од сите колеги новинари да му се спротивстават на говорот на омразата во сопствениот медиум без оглед на тоа дали станува збор за уредувачка политика, за гостин во студио или за слушател/гледач што се јавува во контактна емисија.
*Новинарите во никој случај не смеат да го оправдуваат говорот на омраза. Напротив, нивна задача е да му се спротивставуваат.*

## а) Ксенофобија

Дневен весник: „Отворете четири очи кога се Бугарите во прашање, па дури и за ТВ-шоу“
Советот на честа на ЗНМ укажа дека формулацијата на наднасловот „Отворете четири очи кога се Бугарите во прашање“ ја пречекорува линијата на толеранција на слободата на новинарскиот израз и поттикнува омраза и дискриминација врз основа на национална припадност.
*Новинарите не смеат да го оправдуваат ксенофобичниот говор и имаат обврска да му се спротивстават.*

## б) Поттикнување дискриминација со закани

ЗНМ: „Тоа што беше искажано во рамките на емисијата ’Јади бурек’ од страна на ..., како што е посочувањето нечија национална припадност како дисквалификација, лични закани, но и повик до другите да реагираат исто е класичен пример на говор што изразува и создава омраза“.
*Новинарите треба да се спротивстават на говорот кој изразува и создава омраза.*

## в) „Научен“ говор на омраза

На МТВ, авторот на книгата... говори за Гегите (Албанците) како за криминогена нација што била доселена за да врши терор и насилство врз словенскиот елемент за да не може да крене бунтови и востанија.
ЗНМ: „Под маската на презентирање ’научна студија’ ѝ е даден публицитет на една несомнено шовинистичка теорија, која шири омраза и етничка нетрпеливост, што е за најостра осуда“.
*Новинарите не треба да им даваат позитивен публицитет на теориите што шират омраза и каква било нетрпеливост (етничка, верска, расна, итн.).*

5 Recommendation No. R (97) 20 of the Committee of Ministers to member states on “hate speech”

## г) Неспречување говор на омраза

Дискусија на дебатна емисија:
гостин - новинар: „Предавник заслужува говор на омраза... И повеќе...“
гостинка - новинарка: „А, зошто не формирате здружение за ликвидација на непријатели?“
гостин - новинар: „Тоа е следно...“
Водител на контактна радиоемисија им дозволува на слушателите да шират говор на омраза и чита СМС-пораки што повикуваат на физичко елиминирање на една етничка група.
*Пренесувањето на говорот на омразата е, исто така, отстапување од општоприфатените професионални стандарди и водителите на контактните емисии имаат обврска да го спречат (ЗНМ).*

## Невидливост / игнорирање

Дел од новинарите ги игнорираат припадниците на маргинализираните групи. Според некои уредници, на пример, за сексуалните работнички не вреди ни да се пишува: „Сега за таа што седи на факултет таму, кај ректорат и чека да помине некој со кола да ја собере... мислам, нема резон, што ќе пишуваме...“[6]
*Новинарите не треба да ги игнорираат проблемите и потребите на припадниците на маргинализираните групи, особено случаите на прекршување на нивните човекови права.*

6 *Медиуми, дискриминација и маргинализирани групи,* Коалиција за сексуални и за здравствени права на маргинализираните заедници, Скопје, 2009

# 3. КАКО МЕДИУМИТЕ (ТРЕБА ДА) СЕ БОРАТ ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА?

*„Давајќи им глас и видливост на сите луѓе - вклучувајќи ги особено сиромашните, маргинализираните и припадниците на малцинствата - медиумите можат да помогнат во надминувањето на нееднаквоста, корупцијата, етничките тензии и повредите на основните права што се главните причини на толку многу конфликти“ (Кофи Анан)7*

Медиумите не се перцепираат само како дел од проблемот на дискриминацијата, туку и како дел од решението на проблемот. Медиумите и медиумските професионалци имаат една од главните улоги во борбата против дискриминацијата и во охрабрувањето на интеркултурниот дијалог. Без медиумите, како дел од поширокото граѓанско општество, не може да се замисли борбата против сите форми на дискриминација. Токму затоа пораката на Советот на Европа „Живееме заедно како еднакви по достоинство“ е испратена и до медиумските професионалци како главни фактори во промоцијата на културата на толеранција, заемноразбирање и почитување на разликите.

## Медиумски оддели за различност

Прашањето за борбата на дискриминацијата се издигнува на највисокото ниво во одредени медиуми со формирањето посебни оддели за промоција на различноста.

- Во националната фламанска радио-телевизија во Белгија е воспоставен оддел за различност, кој има задача да ги спроведе активностите од Повелбата и политиката за различност. Одделот спроведува афирмативна акција кон малцинските групи, како и обука за вработените „Како да се соочите со различноста“.
- Во „Би-Би-Си“ е создаден „Центар за различност“, кој има цел да обезбеди целосна усогласеност на програмата на „Би-Би-Си“ со антидискриминаторската политика и прописи. Во центарот постои оддел за пристап, кој обезбедува поддршка за вработените со спреченост.

За промоција на различноста во медиумите се грижат и посебни оддели во рамките на некои национални регулаторни тела.

- Француското регулаторно тело за радиодифузија создава „Опсерваторија за различност“, која истражува, набљудува, советува и ги насочува регулаторите во врска со различноста во медиумите.

## Вработување и обука

За поуспешно да ја изразат културната различност на општеството, медиумите треба да обезбедат различна работна сила, која е обучена да се соочи со предизвиците на различноста. Обуката на медиумските професионалци вообичаено содржи вештини и информации како да се охрабрат новинарите да проговорат против сите видови дискриминација, како да се зголеми нивната чувствителност за правата и за потребите на дискриминираните лица, како да се промовираат малцинските гласови, интеркултурниот дијалог и меѓусебното почитување, како да се употребува соодветен јазик при адресирањето на проблемите на дискриминираните и на социјалноисклучените поединци и групи, како да се препознаат и преиспитуваат стереотипите и предрасудите итн.

---

7 Secretary -General Says Work For Peace Must Engage Everyone, New York, 26 march 2001, http://www.unis.unvienna.org/unis/pressrels/2001/sgsm7750.html.

## Добра практика

**1. Разобличување на расизмот на насловна страница**

Уредникот на еден кипарски весник, во 1999 година објавува ударна приказна со наслов „Срамота“, разобличувајќи ја како расистички акт депортацијата на двајца компјутерски стручњаци од Сенегал. Депортираните биле поканети на семинар, со резервации во хотелот „Хилтон“, со исправни пасоши и визи. Уредникот го користи случајот за да ги адресира кипарските предрасуди за расата. Три дена подоцна, владиниот кабинет официјално им се извинува на двајцата компјутерски професионалци за погрешната депортација и наредува истрага.

**2. Промовирање малцински гласови и перспективи во посебни емисии/прилози**

Едно луксембуршко радио посветува две емисии на проблемите со кои се соочуваат две групи граѓани, дотогаш комплетно игнорирани од медиумите. Емисијата „Гласот на улицата“ дава можност да се чуе гласот на бездомниците, а контактната емисија „Преку ѕидот“ им овозможува на луѓето што живеат во затвор и на нивните роднини да разменуваат пораки и да ги адресираат сопствените проблеми. Како резултат на големата популарност, радиото успева да ја зголеми свеста за проблемите на социјалноисклучените луѓе.

Еден електронски весник во Барселона, за време на локалните избори, покрај интервјуата со политичките кандидати, прави интервјуа со емигранти (надвор од земјите што се членки на ЕУ), кои никогаш немале можност да ги изразат своите политички гледишта поради тоа што немале право да избираат и да бидат избирани.

Еден културно-политички неделник од Италија воведува нова рубрика „Италија како што ја гледаат новите Италијанци“, во која им се нуди на 15 писател(к)и имигранти да пишуваат за проблемите со кои се соочуваат. Неделникот, во соработка со невладина организација, реализирал и проект за објавување статии подготвени од новинари што се имигранти.

Германската радиостаница „Радијојо“ („Radijojo“) е програмски уредувана од деца за деца, а е поттикната од согледаниот недостиг од детски радиопрограми. Програмите се уредуваат во партнерство со деца од различни земји и култури, како резултат на многубројните партнерски радиостаници низ светот.

**3. Публикување посебни изданија за промовирање различност**

Францускиот магазин „Респект“ е висококвалитетна публикација поттикната од идејата дека младата работничка класа и малцинствата не се доволно застапени во француските медиуми. Секое издание е фокусирано на една тема (на пример, родови прашања, религија, субурбаност, еднакви можности на работно место итн.) популарно обработена од новинари, работници во НВО, студенти, волонтери, уметници и писатели од различни социјални, културни и професионални милјеа.

**4. Предизвикување на негативните стереотипи и предрасуди**

Едно бугарско ТВ-шоу снима емисија по урнекот на „Ромео и Јулија“ со цел да ги прикаже проблемите со кои се соочува една бугарска љубовна двојка (семејството на девојката не ја прифаќа двојката поради ромското етничко потекло на момчето). Обелоденувајќи ги негативните стереотипи и предрасуди на семејството на девојката, ТВ-шоуто ги предизвикува негативните стереотипи и предрасуди кон Ромите во бугарското општество.

Интернет-радиото „Салам Шалом“ („Salaam Shalom“) го предизвикува негативниот стереотип за непомирливоста меѓу муслиманите и Евреите. Радиото овозможува преземање еврејско-муслимански поткасти, кои промовираат инклузија, интеркултурна свесност и дијалог одразувајќи ги вредностите што ги споделува „умереното мнозинство“.

**5. Кампањи**

Во Литванија, паралелно со медиумската кампања за зголемување на свеста, се водела и систематска кампања против дискриминацијата преку ТВ-шоу од 52 емисии, секоја на посебна тема, која засега посебен облик на дискриминација.

За да се разбијат медиумските стереотипи за луѓето со спреченост, во Велика Британија е спроведена кампања со анимации од 30 секунди, која се потпира на сведоштвата и на искуствата на луѓето со спреченост за тоа како самите ја чувствуваат стигматизацијата и дискриминацијата.

**6. Портали**

Во Полска е познат порталот „Мулти-култи“, кој се занимава со различноста во седум секции: општо, родот, етносот, религијата, спреченоста, возраста и сексуалната ориентација (http://www.multikulti.org.pl).

Во Шкотска е објавена веб-локацијата www.seemescotland.org, која содржи информации и практични совети како да му се помогне на пријател или на роднина што има проблеми со менталното здравје. На локацијата има и материјали наменети за медиуми, како за новинарите (какви зборови и тон да користат кога известуваат за проблеми во врска со менталното здравје) така и за читателите (совети како да се предизвика стигмата во медиумите).

**7. Зацврстување на врските со граѓанските организации**

Интернационалниот проект за зацврстување на соработката меѓу медиумите и граѓанските организации на лицата со спреченост резултираше со „Водич за медиуми и спреченост“, кој дава насоки за портретирање на лица со спреченост и за комуникација со лица со спреченост вработени во медиумите. Место патронизирачко, потчинувачко или демонизирачко портретирање, водичот препорачува нормализирачко портретирање, кое претпоставува еднаков однос кон лицата со спреченост како кон другите лица.

